У-5 бр.1299/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: м-р Дитурије Елези Незири - претседател на советот, Ана Герасимовска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Моника Китановска - виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за трговија и услуги СТЕД-КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, поднесена преку полномошник Борис Ношпал адвокат од Скопје, против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-1009/6 од 19.11.2020 година, за јавна набавка, во присуство на полномошникот на тужителот Горан Анастасијевиќ адвокат од Адвокатска & Патентна канцеларија Борис Ношпал од Скопје и полномошникот на тужениот орган Зоран Трајановски од Скопје, на јавната расправа, одржана на ден 03.03.2021 година, донесе:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за трговија и услуги СТЕД-КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, поднесена против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-1009/6 од 19.11.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во диспозитивот на пресудата, одбиена е како неоснована жалбата на сега тужителот Друштво за трговија и услуги СТЕД-КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, изјавена против Одлука за избор на најповолна понуда бр.05-743/13 од 02.11.2020 година, донесена по Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. 13589/2020 за набавка на услуги - Одржување на хигиена на договорниот орган ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци, со која како најповолна понуда била избрана понудата на економскиот оператор „БИГОР КЛИНИНГ" ДООЕЛ Скопје.

Незадоволен од оспореното решение, тужителот пред Управниот суд поднесе тужба за поведување на управен спор, во која е наведено дека тужениот орган неоснованоста на жалбените наводи ја пронашол во фактот дека договорниот орган постапил согласно напаствијата на Државната комисија дадени во решението бр.09-944/6 од 28.10.2020 година, односно дека понудата на сега тужителот и СЕРТА Скопје, не ги исполнувала во целост условите од точката 10.2.3 која се однесува на техничката и професионална способност каде е наведено „Да има склучено најмалку три договори во последните три години со

здравствени установи од истата природа како предмет на набавка, односно услугата која се набавува со овој оглас, а исполнувањето на условот се докажува со доставување на потврди за калитетно извршување на договор со најмалку три здравствени установи не постари од 2017 година. Од тие причини жалителот бил исклучен поради тоа што потврдите не биле архивски заверени, меѓутоа од содржината на тоа решение може да се увиди дека напаствијата на тужениот орган не биле во таа насока, па самиот себе се побива со своите решенија, а условите во тендерската документација содржани во точка 10.2.3 од тендерската документација, не предвидуваат дека потврдите треба да бидат архивски заверени. Инаку, дополнува дека тужителот за исполнување на тој услов, доставил 6 договори склучени со јавни здравствени установи во последните 3 години и 3 потврди за квалитетно извршување на услугите кои не биле постари од 3 години, што е повеќе од доволно за да се докаже техничката и професионалната способност на тужителот, со што постапил согласно барањето од тендерската документација кое пак било во согласност со член 95 став 8 точка а) од Законот за јавните набавки кој предвидувал дека техничката и професионална способност на економскиот оператор можела да се докаже со листа на главни испораки на стоки или извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи, со обезбедување на потврди за извршените испораки или извршени услуги. Од тие причини, за тужителот е нејасно зошто договорниот орган и тужениот орган нашле дека понудата на тужителот е неприфатлива. Потврдите кои што биле доставени од страна на тужителот, а со кои се докажувал квалитетното извршување на договорите склучени со јавните здравствени установи претставуваат уреден документ, потпишани од овластено лице и заверени со печат на јавната здравствена установа и истите биле со јасна, автентична и веродостојна содржина и како такви биле разбирливи, на истите можело да им се верува дека во целост ги изразувале фактите кои ја сочинувале нивната содржина имајќи предвид дека биле потпишани од страна на овластеното лице кое што било единствено надлежно за да ја потврди вистинитоста на таа содржина и се правно валидни и употребливи документи во правниот промет. Немањето на архивска заверка на еден документ, не го правел тој документ и неговата содржина правно невалиден. Архивското и канцелариско работење било со цел да се има поголема интерна евиденција на органот кој што го издавал документот. Ова, дотолку повеќе што и прифатената понуда на „БИГОР КЛИНИНГ“ ДООЕЛ Скопје, содржи потврда од здравствена установа незаверена со архивски број, што може да се потврди со увид во предметот. Дополнува дека тужениот орган во претходното решение укажал дека договорниот орган ја ограничил конкуренцијата во однос на бараниот доказ за исполнување на условите за докажување на техничката или професионалната способност со бараните потврди, а договорниот орган не ја почитувал оваа насока и во повторна постапка ги барал истите документи. Предложи тужбата на тужителот да се уважи, а оспореното решение да се поништи и предметот да се врати на повторно разгледување и одлучување со давање на јасни напаствија за постапување.

На одржаната јавна расправа на ден 03.03.2021 година, полномошникот на тужителот остана во целост кон наводите во тужбата и побара тужениот орган да ги надомести трошоците на постапката, и тоа: трошоци за состав на тужба износ од 9100,00 денари, за застапување 10.920,00 денари плус 18% ДДВ во износ од 3.604,00 денари, и трошоците за судска такса за тужба и одлука 1280,00 денари, вкупно 24.904,00 денари.

Судот, согласно член 23 од Законот за управните спорови ("Службен весник на РСМ" бр.96/2019), со покана за усна расправа, ја достави тужбата и одговорот на тужбата, на правното лице избраниот понудувач „БИГОР КЛИНИНГ" ДООЕЛ Скопје, како заинтересирано лице кое во спорот има положба на странка, кое уредно поканетo на ден 11.02.2021 година, видно од вратената повратница, на одржаната јавна расправа на ден 03.03.2021 година, не се јави.

Во одговор на тужбата и на јавната расправа одржана на 03.03.2021 година, тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретна постапка.

Во доказна постапка, Судот на јавната расправа изврши увид во доказите кон списите на предметот и доказите приложени кон тужбата, по што, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот се утврди дека договорниот орган, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. 13589/2020 за набавка на услуги - Одржување на хигиена, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка од 22.09.2020 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, како неделива, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената, со спроведување на е-аукција. Од понудувачите било побарано да достават Изјава за сериозност на понудата.

До крајниот рок за поднесување на понудите 07.10.2020 година, пристигнале вкупно 3 (три) понуди, за што бил составен Записник од отворањето на понудите од 07.10.2020 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите. По целосна евалуација на понудите, врз основа на Извештајот од спроведена постапка од 13.10.2020 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за најповолна да биде избрана понудата на економскиот оператор „СТЕД-КОМЕРЦ" ДООЕЛ, Скопје. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 05-743/8 од 13.10.2020 година. Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда бр. 05-743/8 од 13.10.2020 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе економскиот оператор „БИГОР КЛИНИНГ" ДООЕЛ Скопје.

Одлучувајќи по жалбата, Државната комисија донела Решение бр. 09-944/6 од 28.10.2020 година со кое жалбата на жалителот „БИГОР КЛИНИНГ" ДООЕЛ Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 05-743/8 од 13.10.2020 година, донесена по Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. 13589/2020 за набавка на услуги - Одржување на хигиена на договорниот орган ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци, се усвојува и се поништува Одлуката за избор на најповолна

понуда бр. 05- 743/8 од 13.10.2020 година, донесена по Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. 13589/2020 за набавка на услуги - Одржување на хигиена на договорниот орган ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување . Договорниот орган постапувајќи по наведеното решение на Државната комисија извршила повторна проверка на комплетноста и валидноста на понудите. По целосна евалуација на понудите, врз основа на Извештајот од спроведена постапка, Комисијата за јавни набавки дала предлог за најповолна да биде избрана понудата на економскиот оператор „БИГОР КЛИНИНГ“ ДООЕЛ Скопје. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 05-743/13 од 02.11.2020 година.

Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда бр. 05-743/13 од 02.11.2020 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе економскиот оператор „СТЕД-КОМЕРЦ“ ДООЕЛ, Скопје, која со сега оспореното решение е одбиена како неоснована.

Судот најде дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 и 11 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019), тендерска документација“ е секој документ из_работен од страна на договорниот орган или на кој упа_тува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или поста_пка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, прет_ходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменли_вите прописи и сета дополнителна документација. „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема нево_обичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 92 став 1 од Законот за јавните набавки, договорниот орган може да утврди минимални услови со кои ќе се увери дека економските оператори ги имаат потребните човечки и технички ресурси за квалитетно извршување на договорот. Според став 2, договорниот орган може да бара од економските оператори да имаат доволно искуство, кое ќе го докажат со соодветни препораки од претходни набавки.

Согласно членот 109 став 1 од Законот за јавните набавки, кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка, комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот. Според став 2, при проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не

станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања. Според став 6, неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. Според став 7, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација.

Согласно точката 10.2.3 од Тендерската документација, исполнувањето на техничката и професионалната способност се докажува со исполнување на следните минимални услови: - Да има склучено најмалку три договори во последните три години со здравствени установи од истата природа како предметот на набавка, односно услугата која се набавува со овој оглас. Исполнувањето на овој услов се докажува со доставување на потврди за квалитетно извршување на договор од најмалку три здравствени установи не постари од 2017та година.

Во конкретниот случај, Судот цени дека тужениот орган врз основа на сите докази од предметот за спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, правилно утврдил дека договорниот орган соодветно ги применил горе цитираните законски одредби, кога во постапка на евалуација на доставените понуди, понудата на тужителот ја отфрлил како неприфатлива, од причина што не го исполнила условот од точка 10.2.3 од тендерската документација, со оглед на тоа што доставените потврди за докажување на калитетно извршување на договор со најмалку три здравствени установи не постари од 2017 година, немале архивска заверка, а една од нив не била соодветна, издадена од здравствени установи од истата природа како предметот на набавка, туку е издадена од Универзитет Св. Кирил и Методиј - Медицински факултет Скопје.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба и со увид во списите на предметот, а во смисла на погоре цитираните одредби од Законот за јавните набавки, Судот утврди дека во конкретниот случај, не е сторена повреда на одредбите од Законот за јавните набавки.

Судот ги ценеше наводите на тужителот изнесени во тужбата, но истите ги оцени како неосновани и без влијание врз конечната одлука. Имено, за исполнувањето на техничката и професионалната способност, операторот требал да има склучено најмалку три договори во последните три години со здравствени установи од истата природа како предметот на набавка, односно услугата која се набавува со овој оглас, а исполнувањето на овој услов се докажува со доставување на потврди за квалитетно извршување на договор од најмалку три здравствени установи не постари од 2017та година. Ова значи дека исполнетоста се докажувала со доставување на потврди, а не склучени договори како што сторил тужителот, а доставил само една потврда која не била соодветна бидејќи била издадена од издадена од Универзитет Св. Кирил и Методиј - Медицински факултет Скопје, а не од здравствени установи од истата природа како предметот на набавка. Со оглед на тоа што се работи за група на понудувачи СТЕД-КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје и СЕРТА Скопје, потврдите од СЕРТА Скопје, не содржеле архивски број, кои договорниот орган основано не ги земал како веродостоен документ за докажување на техничката и професионалната способност. Од друга страна, избраниот понудувач доставил 6 потврди не постари од 2017-та година.

Барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците на постапката, Судот го одби како неосновано, согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, според кој, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци на постапката.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управен суд на 03.03.2021 година, под У-5.бр.1299/2020.

Записничар - виш судски соработник
Моника Китановска

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави на:
- тужител, преку Адвокатска & Патентна канцеларија Борис Ношпал од Скопје,
- заинтересирано лице,
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri